# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

**www.bitola.gov.mk**

**Број 16, година LII**
**Четврток, 09.09.2021**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Декларацијата за одржување на чесни, слободни и демократски локални избори во Република Северна Македонија**

1. Ја објавувам Декларацијата за одржување на чесни, слободни и демократски локални избори во Република Северна Македонија, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 09.09.2021 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-825/1
09.09.2021 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 62 од Законот за Локална самоуправа („Службен Весник на Р.Македонија“ 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 09.09.2021 година, ја донесе:

**Д Е К Л А Р А Ц И Ј А**
**за одржување на чесни, слободни и демократски локални избори во Република Северна Македонија**

**Член 1**

Советот на Општината Битола ги поздравува и потикнува напорите на домашните и меѓународните институции како и политичките партии во Република Северна Македонија, за одржување на чесни, слободни и демократски локални избори во Република Северна Македонија.

**Член 2**

Претставниците на Единицата на локалната самоуправа Општина Битола, односно Градоначалникот, членовите на Советот, општинската администрација и локалните јавни претпријатија, ќе креираат позитивен амбиент во пресрет на парламентарните избори и нема да ги злоупотребуваат, средствата и имотот на Општина Битола за сметка на партиски активности и цели.

Носителите на функции кои ги избира или именува Советот на Општина Битола да создаваат позитивен амбиент во пресрет на локалните избори и да не ги злоупотребуваат, средствата и имотот на Општина Битола за сметка на партиските активности и цели на подрачјето на Општината.

**Член 3**

Советот на Општина Битола ќе ги поттикне ангажманите на здруженијата на граѓани и поединци, со својот авторитет да влијаат врз амбиентот за спроведување избори според меѓународно пропишани стандарди.

**Член 4**

Декларацијата влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-132/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.09.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

**С О Д Р Ж И Н А**

Д Е К Л А Р А Ц И Ј А за одржување на чесни, слободни и демократски локални избори во Република Северна Македонија ............................ 1

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211